РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-2577/2
03 -09- 2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 51-та седница, одржано на ден 01 септември 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –4164/1 од 04.12.2020 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основа за нејзино надлежно постапување во предметот со број 09 –4164/1 од 04.12.2020 година, бидејќи во пријавата не е утврдена повреда за наведениот закон.

Предметот со број 09 –4164/1 од 04.12.2020 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09 –4164/1 од 04.12.2020 година е оформен врз основа на пријава од Адвокат ----------- од ---------- против членовите на Судски совет кои ја донеле одлуката 10/51/18 од 20.10.2020 година за разрешување од вршење на судска функција поради нестручно и несовесно вршење на судска функција на судијата -----------. Барањето за утврдување на одговорност на наведениот судија е поднесено од страна ----------------, сопруга на поранешниот член на судски совет, ----------------.

Државната комисија се обрати до Судски Совет на РСМ и побара информација дали судијата ------------- во функција на Претседател/член на Судски совет на РСМ учествувал во постапка за утврдување на одговорност на лицето -------------, судија на Основен суд -----------, како и дали учествувал при донесување на конкретната одлука.

Врз основа на добиените податоци добиени од Судски Совет на РСМ е констатирано следново Барањето за поведување на постапка за утврдување на одговорност против судија ----------, судија на Основен суд ----------- е поднесено на ден 17.06.2019 година од страна ---------------.

На седницата одржана на ден 01.07.2019 година, донесена е одлука со која се формира комисија на известители.

На седницата одржана на ден 10.09.2019 година, Советот расправал по Извештај на Комисијата, при расправата по извештајот лицето ---------- ја напуштил седницата и не гласал, видно од записникот кој беше доставен во прилог.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

На седницата одржана на 10.02.2020 година, Советот расправал по Извештајот на Комисијата и одлучил судијата ------------ да се разреши од вршење на судската функција, при расправата по Извештајот, Лицето ---------- ја напуштил седницата и не гласал за одлуката за разрешување, видно од записникот кој е доставен во прилог.

Понатаму, Врховниот суд на РСМ со решение ОСЖ.бр.------------ ја укинал Одлуката на Судски совет бр. --------до 18.02.2020 година и предметот го врати на повторно постапување.

Мандатот на ---------- како член на Судски совет на РСМ му престанал на ден 04.09.2020 година.

На ден 15.10.2020 година повторно е донесена Одлука за разрешување на судијата Силвана Илиевска на ден 15.10.2020 година.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија, поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека лицето -----------, поранешен член на Судски совет на РСМ, а сега судија во Апелационен суд ----------- во постапката за утврдување на одговорност на ---------, сега веќе поранешен судија на Основен суд --------- не учествувал во ниту една фаза, ниту како член на Комисијата на известители, ниту кога се расправало по извештаите на Комисијата на известители, како и при гласањето за одлуката за разрешување на судијата. Наведено лице се изземало од постапувањето по конкретниот предмет.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
**Изработил: С.М, виш соработник**
**Одобрил: Н.Б, Член на ДКСК**